РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2305/3
17-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2220/1 од 19.08.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на лицето /// за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- ///, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите за сомневање за прекршување на одредбите од Законот за здравствена заштита во споменатата постапка, се потврдуваат.

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе иницира постапки пред надлежни органи - Министерството за здравство и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2220/1 од 19.08.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 19.08.2024 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на лицето /// за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- ///, врз основа на која оформен е предмет број 12-2220/1 од 19.08.2024 година.

Во доставената пријава се изнесени наводи дека именуваното лице не го исполнувало законскиот услов за работно искуство при неговото назначување за в.д. директор на споменатата здравствена установа односно пред назначувањето на функцијата не работело во здравствена установа. Дополнително, подносителот на пријавата изразува и сомневање за постоење на состојба на судир на интереси, кое го поврзува со тоа што неговата сопруга работела во истата здравствена установа како медицинска сестра.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара податоци и информации од Министерството за здравство, од ЈЗУ ///- /// и од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

По барањата на ДКСК доставени се бараните информации со прилог документација и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:
Лицето /// било именувано за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- /// на ден /// година со Решение на министерот за здравство број /// од /// година, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.
Во смисла на проверка на исполнетоста на критериумите за именување за директор на јавна здравствена установа[1] од страна на именуваното лице, утврдено е следното:

- /// на /// година завршил четиригодишни универзитетски студии од прв циклус на Правниот факултет во /// при Универзитетот /// - ///, и стекнал стручен назив дипломиран правник со 240 кредити.
- Видно од Потврда за казнена евиденција на Основниот суд /// издадена на /// година, /// не бил правосилно осуден на територијата на Република Северна Македонија, а видно од Потврда на Основниот суд /// исто така издадена на /// година, пред Основниот суд во /// не му била изречена прекршочна санкција Забрана за вршење професија, дејност и должност.
- Видно од Уверение за државјанство издадено на ден /// година, /// има македонско државјанство.
- Видно од АПТИС сертификат издаден од Британскиот совет на /// година, лицето има познавање на англиски јазик најмалку на ниво Б2.
- Според прегледот на регистрирани податоци во матичната евиденција издаден од Стручната служба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија - Филијала - ///, /// во моментот на назначувањето за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- /// имал вкупен евидентиран пензиски стаж од над 9 години.

Во смисла на проверка на исполнетоста на критериумот за работно искуство утврден во член 104 став 2 точка 4 од Законот за здравствена заштита, при увид во Прегледот на пријави/одјави во задолжителното социјално осигурување на лицето /// издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, утврдено е следното:

---

[1] Член 104 став 2 од Законот за здравствена заштита *(„Службен весник на РМ" бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 101/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 93/2017, 20/2019, 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023, 30/2024, 74/2024, 170/2024)*

- Во периодот од 02.03.2018 година до 19.11.2021 година /// бил вработен како оператор на машина/продавач на определено работно време во три приватни правни лица
- Во периодот од 23.11.2021 до 15.08.2024 година, односно до именувањето на функцијата вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- ///, /// ја извршувал функцијата директор на ЈКП /// - ///
- Од 16.08.2024 година, по именувањето за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- ///, /// бил пријавен во ФПИОМ како вработен во ЈЗУ ///- ///.

*Според член 104 став 2 од Законот за здравствена заштита:*
(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
*1) е државјанин на Република Македонија;*
*2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;*
*3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или **правните науки** или јавно здравствениот менаџмент со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;*
***4) има минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување;***
*5) понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа и 6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: - ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2). ....“*

Од погоре утврдената фактичка состојба може да се констатира дека во моментот на именување за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- ///, /// го немал потребното минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување како што е барано во Законот, што упатува на тоа дека во моментот на неговото именување не бил исполнет условот утврден во член 104 став 2 точка 4 од Законот за здравствена заштита.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во однос на наводите за сомневање за судир на интереси во постапката за именување на ///за в.д. директор на предметната здравствена установа, ДКСК има постапено, и на 11-тата седница одржана на ден 02.12.2024 година има донесено Одлука со број 09-2223/3 од 10.12.2024 година со која постапката по предметот се запира, поради тоа што било утврдено дека пријавените наводи не се потврдуваат и не е сторена повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, ДКСК констатира дека наводите за сомневање за прекршување на одредбите од Законот за здравствена заштита во постапката при именување на лицето /// за вршител на должноста директор во ЈЗУ ///- ///, се потврдуваат. Постапувајќи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ќе иницира постапки пред надлежни органи - Министерството за здравство и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk